**Проф. д-р протопрезвитер Радко Поптодоров**
е долгогодишен предавач на Богословскиот факултет
на Софискиот Универзитет „Св. Климент Охридски"
и гостин-професор на катедрата по Теологија
на Шуменскиот Универзитет „Епископ Константин Преславски".
Специјалист е по Црковно право
и Устројство и управување на Бугарската Православна Црква.

# ПРАВЕН АСПЕКТ НА ПРОЦЕСОТ ПРОТИВ СПАСИТЕЛОТ

На Господ Исус Христос Му беше судено според два правни система: јудејскиот, кој се сметаше за најправеден[1] и римскиот, кој ги содржеше најсовршените правни закони и е во основата на современото право. И согласно со тие два система Спасителот беше осуден. Значеше ли ова дека правото изрече смртна пресуда над самото себе кога ја предаде на смрт на распетие воплотената Правда и Праведност? Ова ќе беше точно доколку судот над Спасителот беше законски. Но двата процеси страдаа од груби грешки во судската постапка.



*Првосвештеникот ја раскинува облеката,*
црква св. Георгиј, Старо Нагоричане, 14 век

## ЈУДЕЈСКИОТ ПРОЦЕС ПРОТИВ СПАСИТЕЛОТ

По чудесното воскресение на Лазар многу Јудејци поверуваа во божествената сила на Христос. *Тогаш првосвештениците и фарисеите се собраа на совет и рекоа: „Што да правиме? Овој Човек прави многу чудеса. Ако Го оставиме така, сите ќе поверуваат во Него и ќе дојдат Римјаните, па ќе ни ја одземат и земјата и народот.“ А, еден, пак, од нив, Кајафа, кој таа година беше првосвештеник, им рече: „Вие ништо не знаете, ниту помислувате дека е поарно за нас да умре еден човек за народот, отколку сиот народ да пропадне.“...Од тој ден, пак, се согласија да Го убијат. (Јован 11, 47-50; 53).* Јудејските лидери трескавично бараа начин да се изврши нивната намера. Потчинувајќи ѝ се на гревовната страст на сребролубие, еден од Христовите ученици, Јуда Искариотски, предложи да им Го предаде Својот Божествен Учител за 30 сребреници. Во четврток вечерта, после Тајната Вечера, Јуда го исполни своето предавничко дело. Христос беше пленет.

**Јудејското право забрануваше да се врши апсење навечер или ноќе.** Како исклучок, се дозволуваше ноќно апсење во случај на опасност во текот на ноќта престапникот да стори ново злодело или да се скрие. Но дури и тогаш судската постапка можеше да почне само утредента[2]. Според јудејското право, истрагата почнуваше со обвинение од страна на сведоци-очевидци или на оштетени лица. Судот ги предупредуваше обвинителите за тоа дека е едно сведочење за имот, а друго кога е во опасност човечки живот. Кога била изречувана клевета и врз основа на тоа лажно сведочење човек бил осудуван на смрт, одговорноста за неправдата паѓала на лажните сведоци и нивното потомство[3].

**Процесот против Спасителот и Неговото задржување се одвиваше во текот на ноќта, со што беше нарушен законот. Притоа, истрагата отпочна без обвинувања од страна на сведоци или на оштетени.** Тогаш само првосвештеникот[4] го испитуваше постоењето вина, на тој начин подигајќи обвинение пред синедрионот. Според древното јудејско право, како што е и денес, судот беше должен да биде непристрастен во однос на судениот. Но во процесот против Христос првосвештеникот истовремено ги извршуваше функциите и на обвинител и на бранител. За тоа сведочи св. евангелист Јован Богослов: *Првосвештеникот, пак, Го праша Исуса за учениците Негови и за Неговото учење. Исус му одговори: „Јас му зборував на светот јавно; Јас секогаш поучував по зборниците и во храмот, каде што секој пат се собираат Јудејците, и тајно ништо не сум зборувал. Зошто Ме прашуваш Мене? Прашај ги оние кои слушале што сум зборувал; тие знаат што сум говорел“* (Јован 18, 19-21). Во своите први зборови на процесот, Христос не се оправдуваше. Он се грижеше за душата на првосвештеникот, која во ова неправедно дело се подложуваше себеси на духовна погибел. Неговите зборови напомнуваа за тоа дека законот бара обвинение од сведоци-очевидци. Еве зошто кога еден од слугите Му удри шлаканица на Спасителот заради Неговиот одговор, Исус Христос му рече: *„Ако реков лошо, докажи го лошото; ако ли, пак, добро - зошто Ме биеш?“* (Јован 18, 23).

Во услови на очигледно нарушување на законот за иследување, бесполезно е да се бара непристрасност од судот; и Исус го прекина учеството во неправедниот процес. *И кога Го обвинуваа првосвештениците и старешините, Он ништо не одговараше* (Мат. 27, 12). Тогаш почнаа да бараат сведоци. *А првосвештениците и старешините, и целиот Синедрион бараа лажно сведоштво против Исуса за да Го убијат* (Мат. 26, 59). Најдени беа многу, но **нивните сведоштва беа лажни.** Според јудејското право можело да има три вида сведоци: лажни сведоци, кои очигледно лажат; неупотребливи сведоци, кои тврдат нешта што не се поткрепени со други докази во врска со постапката; и веродостојни сведоци - кога исказите на неколку сведоци се совпаѓаат.

---

[1] Во основа на јудејското право беше принципот на *талион* - законски пропис во законодавното право што одредува казната да биде еднаква со вината, одреден уште во законодавството што Мојсеј го прими од Бога - *„око за око, заб за заб“* (2 Мој. 21, 24).

[2] Во *Дела 4, 3* гледаме дека од истата причина и апостолите беа држани во затворот до наредниот ден.

[3] Така се објаснуваат повиците на јудејската толпа во текот на процесот пред Пилат: *„крвта Негова нека падне на нас и на нашите деца“* (Мат. 27, 25). Јудејците како обвинители на Спасителот, согласно оваа заклетва, ја зедоа врз себе целата одговорност за своето сведочење.

[4] Отпрвин Ана а потоа Кајафа.

Во мугрите во петокот, синедрионот се собра на седница (Лука 22, 66; Мат. 27, 1). Заседаваше малиот синедрион, иако кривичните дела што беа казнувани со смрт **според законот мораше да бидат претресувани пред големиот синедрион.** Тој имаше двојно поголем состав, а тоа беше неопходна гаранција за објективноста на пресудата.

Во синедрионот дојдоа многу лажни сведоци. Од св. евангелист Матеј дознаваме дека двајца од нив изјавиле: *„Овој кажа: 'Можам да го урнам Божјиот храм и за три дни да го соѕидам'.“* (Мат. 26, 61). Судиите ги прифатија за веродостојни сведоците. Но св. евангелист Матеј ги нарече *„лажни сведоци“* (Мат. 26, 60). **Тие ги преиначија Христовите зборови** за тоа дека Он како Семоќен Бог на местото на ракотворниот ерусалимски храм ќе изгради нов храм - неракотворен, со што го претскажуваше Своето воскресение. И покрај изјавите на лажните сведоци, горенаведеното дело не заслужуваше смрт. Тогаш **првосвештеникот** почна **сам да Го испрашува** Спасителот. Првосвештеникот рече: „Те заколнувам во Живиот Бог да ни кажеш: Ти ли си Христос, Син Божји?“ (Мат. 26, 63). Исус одговори: „Ти рече! Ви велам пак: отсега ќе Го гледате Синот Човечки оддесно на силата и како доаѓа по небеските облаци.“ (Мат. 26, 64). Кога ги слушна тие зборови, Кајафа направи нешто дотогаш невидено - ги раскина првосвештеничките одежди. Со тоа тој се обиде јавно да го покаже својот „свет гнев“, но всушност ја покажа својата очигледна крајна озлобеност кон Господа. Првосвештеничката облека - направена од тенко исткаени златни и сребрени конци, ја чуваа и предаваа како светиња уште од времето на Арон. На тој начин раскинувањето на одеждите стана видлив знак на невидливата Божја казна - лишувањето на јудејските свештенослужители од благодаруваното свештеничко достоинство. Првосвештеникот извика: „Овој хули на Бога! Каква потреба имаме повеќе од сведоци? Ете сега го чувте Неговото хулење“ (Мат. 26, 65). Од овие зборови јасно се гледа како **„судијата“, наместо да го почитува законот, самиот обвинува.** Впрочем, првосвештеникот го кажа ова бидејќи некои членови на синедрионот, меѓу кои и Јосиф Ариматејски, тврдеа дека не наоѓаат вина во судениот. **Наскоро потоа јудејските лидери ја изрекоа пресудата**: „заслужува смрт“ (Мат. 26, 66). Уште еден прекршок во правната постапка.

Јудејскиот закон бараше кога судењето ќе заврши, а злоделото е докажано и треба да се изрече смртна пресуда, обвинетиот да се одведе во затвор, а судот целиот ден да заседава и да го разгледува делото, доказите и казната (притоа забрането било пиењето вино). И дури наредното утро требало да се одреди казната. **Членовите на синедрионот ја нарушија оваа важна гаранција за праведноста на пресудата.** Тие се брзаа, зашто се ближеше светиот за Јудејците саботен ден, кој се падна на празникот Пасха[5], и тогаш не смееше да се вршат никакви работи. Така, почитувајќи ја во сѐ буквата на законот, јудејските лидери се откажаа од неговиот дух на милост и правда. За да Го казнат на смрт Спасителот, Јудејците се откажаа од првобитното обвинение, за кое веќе најдоа лажни сведоци, и Го осудија Христа за богохулство. **Ова дело на осуда се засноваше само на Неговите зборови пред синедрионот** (Мат. 26, 65). На јазикот на правото тоа се дефинира како самопризнание. Но според правото, казната не може да се заснова на самопризнание на обвинетиот без поткрепа со други сведочења, собрани во текот на процесот[6].

Бидејќи Јудеја тогаш беше под власта на Римската Империја, за да се изврши изречената смртна пресуда требаше таа да биде потврдена од римскиот наместник. Спасителот беше одведен кај Понтиј Пилат. Тој беше прокуратор на Јудеја од 26 г. н.е, т.е. беше наместник на императорот Тивериј и поседуваше неограничена административна, правна и религиозна власт. Резиденцијата на наместникот се нарекуваше преторија. Бидејќи таму имаше статуи на римските лажни богови, Јудејците Го одведоа Спасителот до преторијата, но не влегоа внатре за да не се осквернат пред Пасхата (Јован 18, 28). Евреите запреа пред местото наречено Литостротон, од кое римскиот наместник ги објавуваше своите пресуди и одлуки. Тоа беше подиум со висина од околу 80 cm и површина од околу 180 $m^2$. Подиумот беше поплочен со камени плочки и покриен со стреа.

---

[5] Ова ги објаснува и претходните нарушувања на законот: ноќно апсење, ноќен процес, истрага без обвинение од страна на сведоци-очевидци или на оштетени. Да Го беа задржале Спасителот до петокот наутро, процесот ќе се одвиваше во петокот, а целиот саботен ден судот ќе мораше да ја разгледува праведноста на пресудата. Брзајќи да Го осудат Спасителот на смрт, и притоа формално да го почитуваат Мојсеевиот закон, Јудејците направија порочно и неправедно дело.

[6] Се смета дека заради посебната психолошка напнатост, човекот поставен пред суд е склон да признае и непостоечки престапи.

[7] Обвинението на старешините беше двосмислено. Формалната вистина се одразуваше во зборот „цар“. Осудата на синедрионот беше извршена затоа што Христос се објави Себеси за Цар над царевите, т.е. Бог, и затоа „богохулеше“. Пред Пилат не беше прецизирано каков цар е Спасителот - земен или небесен. Книжниците не смееја да Го обвинат Христос за тоа дека Тој Себеси се смета за земен цар, бидејќи многумина ги знаеја Неговите зборови: *„подајте го царевото на царот а Божјото на Бога“* (Мат. 22, 21), а отвореното тврдење дека Христос се казнува заради богохулство не ќе беше прифатливо за Пилат.

## РИМСКИОТ ПРОЦЕС ПРОТИВ СПАСИТЕЛОТ

Привлечен од вревата на јудејската толпа, Пилат се искачи на судилиштето и праша: „во што Го обвинувате Овој Човек?“ (Јован 18, 29). Зборовите на намесникот покажуваат дека тој реши строго да се придржува до римското право. Според римските закони, не е можно да отпочне процесот без конкретно обвинение. Јудејците не беа подготвени да го дадат. Тие од една страна бараа да се запази релативната независност во работите од религиозен карактер, а од друга страна - се плашеа дека нивното обвинение нема да го издржи непристрасниот и без предрасуди суд. Затоа одговорија: „Ако Он не беше злочинец, немаше да ти Го предадеме“ (Јован 18, 30). Без обвинение, Пилат одби да спроведе правосудна постапка. „Земете Го вие и судете Му според вашиот закон!“ (Јован 18, 31), - рече тој. На тој начин Јудејците беа принудени да кажат обвинение против Спасителот. Светите евангелисти не го опишуваат обвинението, но ова се подразбира од прашањето што Пилат Му го постави на Исус: „Ти ли си Царот Јудејски?“ (Јован 18, 33)[7]. Пилат Го воведе Исус во преторијата заради сослушување. Овде Спасителот одговараше, бидејќи процесот се одвиваше според законот. Од Неговите зборови Пилат разбра дека учењето Христово не ја загрозува ниту државата ниту општествениот поредок. Намесникот се увери во невиноста на Спасителот и од тоа што првосвештениците Го предадоа од завист (Марко 15, 10) и посведочи: „јас не наоѓам никаква вина во Него“ (Јован 18, 38). Затоа тој им предложи на Јудејците, според постоечкиот кај нив обичај, да Го пуштат Христос заради празнувањето на Пасхата. Народот, поучен од првосвештениците и старешините, го избра разбојникот Варава. Во исто време и жената на Пилат се застапи за Спасителот, раскажувајќи му го на мажот својот страшен претскажувачки сон од таа ноќ (Мат. 27, 19). Пилат бараше начин да Го ослободи Христос. Тогаш првосвештениците излегоа со обвинението: „Он го буни народот... од Галилеја па до овде“ (Лука 23, 5). Пилат се фати за зборот „Галилеја“ и одлучи да се ослободи од тешката задача, префрлајќи ја на управникот на Галилеја - царот Ирод (Лука 23, 6-7).



*Трновиот венец*, црква св. Георгиј, Старо Нагоричане, 14 век

За да учествува во празнувањето на Пасха, Ирод во тоа време се наоѓаше во Ерусалим. Тој одамна посакуваше средба со Спасителот, со надеж дека ќе биде сведок на некое чудо. Но Христос не ја задоволи суетната љубопитност на управникот и не одговараше на неговите прашања. Озлобен, Ирод Го предаде Спасителот на поруга. Но, во знак на Неговата невиност, тој нареди да Му облечат на судениот светла облека и да Го вратат кај Пилат на суд (Лука 23, 11). Управникот на Галилеја немаше смелост да Го прогласи Христос за невин и да Го ослободи. Тој се реши да го врати делото на римскиот намесник.

Пилат се најде во небрано. Тој ги свика Јудејците и им рече: „Ми Го доведовте Овој Човек како бунтовник на народот; а еве, јас пред вас Го испитав и не најдов кај Него никаква кривица во она во што Го обвинувате; и Ирод исто така, оти Го пратив и при него; и ете, Он не направил ништо што би заслужувало смрт“ (Лука 23, 14-15). За да им удоволи на Јудејците и истовремено за макар малку да ја смири сопствената совест, намесникот одреди: „па затоа ќе Го накажам па ќе Го пуштам“ (Лука 23, 16),- и Го предаде Спасителот на камшикување. **Пилат повеќе од три пати изјави дека не наоѓа вина во Спасителот** (Лука 23; 14, 20, 22). **Наспроти сето тоа, тој Го предаде Спасителот на камшикување.** Казната беше тешка. Римските камшици - воловски жили со ребрести метални шилци - го расекуваа месото, умртвувајќи го човекот или оставајќи го полужив. Компромисната пресуда што ја изрече намесникот беше чекор кон неговото конечно отстапување од правдата и законот. Малодушноста на Пилат ги ободри Јудејците и тие го засилија својот притисок. „Ако Го пуштиш Него, не си му пријател на кесарот. Секој што се прави цар, противник му е на кесарот“ (Јован 19, 12),- врескаа тие. Овие зборови го исплашија Пилат. На римскиот император веќе му беа пратени неколку жалби против него. Ваквото обвинение, „противник на кесарот“, подразбираше предавство на државата, кое според законот се казнуваше со смрт. Пилат се повлече. **Тој го прекрши правилото, востановено од римското право, според кое за едно дело може да следи само една казна. И покрај тоа што Христос претрпе неправедна и нечовечна казна-камшикување, намесникот сепак ја одобри смртната пресуда на јудејскиот синедрион.** И Пилат пресуди да им биде по желбата нивна, па им го пушти затвореникот во темница за бунт и убиство, за кого молеа; и Исуса им Го предаде на нивна волја“ (Лука 23, 24-25). Св. Јован Богослов само забележува: И тогаш им Го предаде за да биде распнат. И Го зедоа Исуса, и Го поведоа (Јован 19, 16)[8].

Еврејскиот обичај наложуваше процесијата со осудениот на смрт, по патот кон Голгота, да запре крај градските порти - т.н.Судни порти. Таму ја објавуваа вината на осудениот како и пресудата. Доколку потоа кој било полнолетен граѓанин го изразеше својот сомнеж во праведноста на казната, истрагата почнуваше отпочеток. **Никој не кажа збор во одбрана на Спасителот.** Пресудата беше извршена. Очигледно човечката неправда триумфираше и силите на злото победија. Но, духовно и невидливо торжествуваше сепобедувачката Божја љубов и навистина беше принесена голема жртва за искупување на човечкиот род.

[8] Пилат беше намесник на Јудеја од 26 до 36 г. н.е. Тој го задуши садукејскиот бунт со голема суровост и беше отповикан од Јудеја. Во Рим Пилат не го издржа обвинението и крена рака на себе. Заради пројавувањето малодушност, неговиот живот заврши слично на животот на предавникот Јуда Искариотски.




*Пилат си ги мие рацете,*
црква св. Георгиј, Старо Нагоричане, 14 век